# З А П И С Н И К

Од дваесет и првата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 25.05.2023 година, (четврток) со почеток во 12.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 15** советници.

**Отсатни:** /

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од дваесеттата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за изменување на Одлуката за Извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2023 година.
3.Разгледување и усвојување на Предлог-Буџетски календар за 2023 година (корегиран).
4.Разгледување и усвојување на Предлог-Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Брвеница за 2023 година.
5.Разгледување и усвојување на Предлог-Опертативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Брвеница за 2023 година.
6.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката на која се дава согласност на измена на Годишен План за вработување за 2023 година на Општина Брвеница.
7.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката на која се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУ „Коста Рацин„ с.Брвеница.
8.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката на која се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУ „7 Марси„ с.Челопек.
9.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката на која се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче.
10.Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Јагуновце.
11.Предлог-Одлука за престанување на важење на Одлуката за усвојување на меморандум за соработка.
12.Ажурирање на базата на податоци на даночни обврзници за данок на имот.
13.Барање од Иницијативен одбор за организирање на традиционален Турнир во мал фудбал „Бесјан Јашари 2023„ с.Челопек.
14.Одлука за кофинансирање на проект за техничка документација

Претседателот на Советот ги прочита точките и кажа, дневниот ред сте го имале и сте го прочитале но имаме уште 4 дополнителни точки, и тоа:Предлог-Одлука за одбележување на меморијален турнир во фудбалво село Брвеница, Предлог-Одлука по однос одржување на фестивал на народни игри за иселениците во с.Челопек, Предлог-Одлука за парична награда за првенци на генерација од ОУ на подрачјето на општина Брвеница и Предлог-Одлука за обезбедување капи, шалови и фотосесија за сите полуматуранти од ОУ на подрачјето на општината. Дали има некој да бара збор за изменување и дополнување на дневниот ред.

За збор се јави Адем Јетмир Јашари и кажа, сакам да се надоврзам на овие дополнителни точки затоа што немаме материјал и да прашам како ние ќе се надоврземе на истите без претходно добиен материјал, ова за мене не е во ред и лично мислам дека општинската администрација треба да има образложение за ова.

За збор се јави Абеб Нухии и се надоврза, не дека го делам мислењето на колегата, но овие точки се малку задоцнети и мислам дека некој има образложение за ова. За полуматурите зборувам, малку касно сме известени но подобро касно отколку никогаш.

Претседателот на Советот кажа, за наредната седници да се води сметка, и јас сум кажал и претходно дека согласно Деловникот за работа на Советот член 7 дека материјалот треба да е пратен порано, значи кога ќе се утврдува дневниот ред да се води сметка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред заедно со четирите дополнителни точки, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 15 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред ,,Разгледување и усвојување на записник од дваесеттата седница на Советот на општина Брвеница,, Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Усвојување на записникот од дваесеттата седница на Советот на општина Брвеница**„** го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатени од присутните 15 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, ,,Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за изменување на Одлуката за Извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2023 година,, Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, по однос на оваа точка да кажам дека беше прифатена од страна на Комисијата за финансии, исто така имавме и образложение од страна на соодветниот од општината.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, поздрав до сите, како и секоја година така и оваа носевме Одлука за извршување на Буџетот, сега имаше забелешки на Одлуката за извршување на Буџетот од страна на Министерството за финансии и ни бараа некои корекции. За да не правиме дополнителни корекции, покрај укажувањата на Министерството за финансии дадени се измените за платите на функционерите кои се донесени со Одлука на Уставен суд.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Одлуката за изменување на Одлуката за Извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2023 година**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од присутните 15 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, ,,Разгледување и усвојување на Предлог-Буџетски календар за 2023 година (корегиран),, , Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, и оваа точка од дневниот ред помина на комисијата.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, и оваа е исто како и претходниот Буџетски календар, сведоци сме дека до минатата година имавме ставки и временска рамка за етапите фазите на Буџетот а сега се отстранети кварталите.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи се беше објаснето во претходната точка и бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Буџетски календар за 2023 година (корегиран)„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Предлог-Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Брвеница за 2023 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, комисијата имаше две точки на дневен ред а конкретно за оваа точка од страна на соодветниот од општината ни беше објаснето дека оваа Програма се донесува врз основа на Законот за благосостојба на животни донесен од страна на Владата на РСМ. За оваа Програма мислење дава Агенцијата за храна и ветеринарство.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, проблемот со кучињата е општ проблем а не само на општината. Вие сте сведоци дека имаше иницијатива и требаше да се направи во нашата општина регионален центар како прифатилиште за бездомните кучиња но планот не се реализираше бидејќи имаше жалби од страна на граѓаните од некои населени места во нашата општина. Ние како општина имаме утврдено ставка во Буџетот за решавање на овој проблем и планираме да отвориме постапка за тендер за згрижување на 70-80 кучиња бидејќи не можеме сите да ги згрижиме. Цените на пакетот на услугата изнесува од 7-10.000 денари за куче од лиценцирани ветеринарни амбуланти. Едно куче да се залови и да се чува 4 дена за да се истретира и после се пушта таму каде што е заловено.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Брвеница за 2023 година„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутни 15 советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Предлог-Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Брвеница за 2023 година„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за Урбанизам кажа, и оваа точка беше на дневниот ред на нашата комисиска седница, соодветниот од општината Абиљ Дурмиши ни образложи по однос на истата и ние ја прифативме, предлагаме и вие да ја изгласате.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината Абиљ Дурмиши.

Соодветниот од општината кажа, за овој Оперативен план дава согласност ЦУК од каде што добивме неколку забелешки за да направиме корекции а после исправката на корекцијата добивме и согласност. Во самата програма се опишани неколку чекори за тоа како ќе се постапува во овие ситуации. Нашата општина и нема некоја голема опасност од поплави, затоа при изготвувањето на планот се зема и искуството од поранешните збиднувања. Оваа програма ќе се донесува секоја

година но во главно програмите ќе бидат исти и само ќе се ажурираат со нови податоци, како на пример чистење на канали, уредувања на речните корита и слично.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Брвеница за 2023 година,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката на која се дава согласност на измена на Годишен План за вработување за 2023 година на Општина Брвеница,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор и даде на соодветната од општината да образложи по однос овој план.

Соодветната од општината кажа, во врска со годишниот план за вработување што се носи, исто како и сите така и ние како општина имаме право да правиме измени на годишниот план за вработување. Првата измена е во дел два на страна 3, тука има еден раководител на Одделението за животна средина, страна 7 табела број 4 планирано испразнување за пензионирање, најавено заминување, ова сме го имале уште во 2022 година но колешката која е Раководител на Одделението за правно нормативни работи поднела најава на 22.05.2023 година за пензионирање во 2023 година, тука ќе се додаде уште еден пензионер во Одделението за нормативно правни и општи работи во истиот сектор – Сектор за нормативно правни општи работи и јавни дејносто. Заминување во пензија заклучно со 04.12.2023 година, тоа го немате кај вас, ова е измената. Исто така има измена во дел 3, вие ги имате во материјалите, страна 9, ние сме имале согласност за 11 работни места само што сега вршиме измена внатре, наместо помлад виш, наместо соработник советник. Истите се распоредени согласно планот за 2022 година. Во табела 6 страна 9 планирано пополнување на работни места преку ново вработување во следната година. Изменет е реден број 1, раководител на Одделение за внатрешна ревизија, претходно било Раководител за инспекциски работи а сега е Раководител на Одделение за ревизија. Број 2 и број 3 остануваат исти, број 4 порано беше помлад соработник за аналитичко следење на извршување на Буџетот сега треба да се измени со Виш соработник за ЛЕР. Исто така и број 5 советник за урбанистичко планирање. Број 6 и 7 остануваат исти а број 8треба да биде самостоен референт за финансиски документи. Број 9 исто така треба да биде советник бидејќи по за минување на колегата во пензија треба да се пополни советник за информирање на граѓаните и другите остануваат исти.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, дали се овие нови вработувања.

Од правната служба кажа, овие 11 се планирани нови вработувања, за овие сме го донеле овој план во 2022 за 2023 година, за 2023 година правиме измена и за овие имаме добиено согласност, само ново е тоа што колешката поднесла најава за пензионирање. Кај балансерот кој го имате во материјалите доаѓа од овие 11, 7 со 4.

Претседателот на Советот праша зошто ние како советници немаме материјал за вашата колешка која излегува на пензија, тоа нее коректно, балансерот треба да се почитува како што треба.

Од правната служба одговори, немате материјал бидејќи колешката најавата за пензионирање ја поднесе на 22.05.2023 година а материјалот веќе беше испратен, бидејќи таа согласно закон може да остане на работа до 64 години, може да излезе со 62 а може и до 64 години, јас немам право да ја прашам колешката кога ќе излезеш на пензија, таа поднела најава дека ќе излага во пензија бидејќи така и дозволува законот.

Претседателот на Советот кажа, не е тоа причина да го немаме материјалот.

Адем Јетмир Јашари се јави за збор и праша, прашувам јас бидејќи мене ми е спорно со балансерот, значи според балансерот 4 со 8 се.

Од правната служба кажа, треба да се предвиди во балансерот, имаме предвидени 11 работни места, предвидени според балансерот, и за тоа имаме добиено согласност а сега правиме само измени внатре, колешката според законот за административни службеници има право да остане до 64 години а таа поднесе најава дека ќе излегува со 62 години, затоа претходно балансерот покажуваше 3 со 8 а после најавата за пензионирање излегува 4 со 7 бидејќи тој што излегува на пензија е македонец.

Адем Јетмир Јашари се надоврза и кажа, мене ми беше јасно, но јас мислев дека кога ќе се пензионира се ослободува едно работно место, прашањето ми беше дали се прават 12 работни места со новата ситуација а одговорот е 11.

Абеб Нухии се јави за збор и кажа, кадровските измени кои се направени дали се законски направени, дали се согласно законот. Друго, ако ние имаме предвидено 11 работни места дали беше 3 македонци и 8 албанци, во нашата општина до сега се почитувало, нетреба да се скриваат работите. Значи Градоначалникот и Вие го сменувате балансерот, како параноична е оваа пработа, има работи кои циркулираат во општина за ова, имате забелешка, ако го сменувате балансерот некој од македонците го менува својот идентитет со изјава од нотар тоа не е во ред, значи да нема тоа во иднина тие се македонци а само со една изјава се пријавуваат како албанци, да не се случи како што се случило во Куманово. Сакам да се почитува балансерот така како што го предвидува законот. Ако дојде до тоа да има еден македонец или албанец повеќе или помалку тоа нема да биде забелешка. Но ако се работи за повеќе тогаш нема да биде добредојдено и нема да го прифатиме како такво. Овие планирани вработувања се согласно балансерот а незнаеме како ќе се вработуваат.

Од правната служба кажа, што се однесува до балансерот, балансерот не можам јас да го изготвувам, има матичен број од општината, значи балансерот се одредува за 11 работни места и излегува 7 со 4. Јас изготвувам само јавни огласи а балансерот сам одредува која националност треба да се вработи. Ако балансерот не се почитува нема да ми го објават огласот и тука си има забележано која националност треба да се вработи, сите вработувања што се остварени се согласно балансерот

Претседателот на Советот кажа, колегите го кажаа тоа што треба, цениме дека ќе се почитува балансерот.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Одлуката на која се дава согласност на измена на Годишен План за вработување за 2023 година на Општина Брвеница,, со забелешките ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред ,,Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката на која се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУ ,,Коста Рацин,, с.Брвеница,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Директорот на ОУ Коста Рацин Гоце Евгениески.

Директорот на ОУ Коста Рацин кажа, по однос Годишниот План за вработување нас ни е потребно вработување на еден хигиеничар бидејќи имаме зголемен обем на работа, подолго време бараме, имаме и проблем со хигиената. Имаме 370 ученици и две училишта, едното е подрачно во с.Д.Седларце и едно во Брвеница а вкупно имаме 4 хигиеничари, односно еден од нив е хаус мајстор и неможе да се постигне, оваа потреба е од 3-4 години наназад.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Дончо Симјаноски и кажа, училиштето има 370 деца со подрачното во Седларце а има вработено 3 хигиеничари. Имало 5 хигиеничари, двајца напуштиле и на нивно место нема земено замена. Училиштето во Брвеница има околу 1050 квадрати површина и во Седларце околу 310 квадрати. Таму има само тројца хигиеничари значи потребен е уште еден хигиеничар да сее бара од Министерството за образование согласност за вработување.

Претседателот на Советот кажа, за да не дебатираме, советникот објасни, има барање, има потреба и треба да им се помогне.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Злате Китановски и праша, дали за вработување треба да се добие согласност од Министерството па после да помине на Совет.

Соодветниот од општината по образование кажа, по однос на работното место хигиеничар за старо финансирање барање до сега немало 15 години више.

Дончо Симјаноски и кажа, во Седларце хигиеничарката има напуштено и нема примено на нејзино место.

Соодветниот од образование кажа, кај мене нема одбиено старо финансирање, 7-ми месец ќе бараме согласност од министерството.

Злате Китановски кажа, незнам зошто би гласале ако нема барање односно согласност.

Соодветниот од образование кажа, навистина школото има потреба и вие 7-ми месец ќе поднесете барање.

Претседателот на Советот кажа, значи дека точката ќе ја одложиме за наредната седница

Соодветниот од образование кажа, за доставување на Годишен План за вработување има рок сеуште, да доставиме друг годишен план.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот кажа, за точката нема да гласаме, ќе ја пролонгираме за другата седница.

**VIII**

По однос на осмата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката на која се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУ „7 Марси„ с.Челопек„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на претставникот од ОУ „7 Марси„ да образложи по однос планот.

Претставникот од ОУ „7 Марси„ кажа, со оглед на фактот дека директорот е зафатен јас ќе образложам по однос планот. Се работи за 3 работни места, 2 се пензионирања, еден сметководител и двајца служители. Незначи дека ова нема да биде образложено од страна на министерството, лично мое мислење е зошто ние образлагаме на Совет кога може да ни биде одбиено, надлежен орган за ова е МОН. Годинаава тие имат нови правила па мора на Совет да помине. Кај нас според балансерот сите три се албанци.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Соодветниот од образование кажа, едно објаснување, бидејќи минатата година ова го немаше, годинава се бара одлука на Совет. Потоа на две министерства ќе помине. Тие бараат да помине кај вас на Совет за да бидете и вие информирани.

Претседателот на Советот кажа, сега ние зборуваме за точката а според текот на дискусијата веќе излеговме од рамка и ве молам да се придржуваме на точките од дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлуката на која се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУ „7 Марси„ с.Челопек„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**IX**

По однос на деветтата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката на која се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Директорот на ОУ „Гоце Делчев„ .

Директорот на ОУ „Гоце Делчев„ кажа, за 24 години имаме 3 барања кои се старо финансирање. Се работи за работно место технички работи во подрачното училиште во село Радиовце, хаусмајстор во Челопек и секретарот во Стенче.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлуката на која се дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**X**

По однос на десеттата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Јагуновце„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, се работи за истата точка од минатата седница, материјалот тогаш сте го прочитале, се работи за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Јагуновце.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Јагуновце„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XI**

По однос на единаесеттата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за престанување на важење на Одлуката за усвојување на меморандум за соработка„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор и даде на вработената од општината во правната служба.

Од правната служба кажа, и за оваа точка материјал сте имале минатата седница, се работи за одлука која претходно ја донесовме за потпишуваљње на меморандум за соработка помеѓу општина Брвеница, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници-Маргини, во име на мрежата за заштита од дискриминација.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за престанување на важење на Одлуката за усвојување на меморандум за соработка„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XII**

По однос на дванаесеттата точка од дневниот ред „Ажурирање на базата на податоци на даночни обврзници за данок на имот„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на вработениот од општината.

Соодветниот од општината кажа, согласно законот за данок на имот, секое правно и физичко лице има право и обврска да пријави имот. Општина Брвеница има прилично стара база на податоци за данок на имот и отогаш пријавувале данок на имот. Сега општината има иницијатива да изврши регистрација на имот со излегување на терен. Ние дел од вработените во општината имавме еднодневна обука во врска со ова од страна на стручни лица. Согласно законот општината треба да има податоци за дворното место за да им излеземе во пресрет на граѓаните. Планираме да правиме регистар на имот во сите населени места. Базата на податоци на имот има и стапка на застареност – амортизација. Имавме и кампања, ќе ја планираме и фазата кога ќе дојдат иселениците. Да ја обновиме базата на податоци, имаме и нови објекти кои се застарени и амортизирани. Добро е да има база на податоци бидејќи претставуваат приход на општината.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Претседателот на Советот кажа, 2021 година имаше упис на населението и домаќинствата, дали ќе може да се земат податоци од тука.

Соодветниот од општината кажа, многу добро прашање, во пописот немаме пристап во тој дел, во даночните пријави има податоци што не ни требаат нас. Попишувачот да ги добие сите податоци за да може проценките да се прават канцелариски.

Злате Китановски се јави за збор и кажа, дали овие исти податоци ги нема општината.

Соодветниот од општината кажа, не дека ги немаме но таков вид на податоци нема. Ние сите тие податоци ќе ни бидат добредојдени, да направиме целокупен систем на реални податоци со контрола на терен и реална ситуација.

Претседателот на Советот кажа, фактички ќе имате податоци но правно нема да имате.

Соодветниот од општината кажа, според обуката ќе се бара имотен лист, кога граѓаните не ќе можат тоа ќе го прави општината. На терен да се види на лице место и податоци ќе се бараат од сопственикот.

Дончо Симјаноски зеде збор и кажа, тие даночни пријави до 31.12, треба секој сопственик сам да ги поднесе до УЈП. За не поднесување на пријава следи казна, има таму ми се чини казна од 5-15.000 денари. Значи тоа е обрска на граѓаните, кај нас тоа досега не функционирало но треба веќе да се почне. Да не ги оставиме граѓаните сами ќе излеземе на терен, ќе ги пополнуваме пријавите, затоа што и да му ја однесеш дома даночната пријава нема да ја пополни. Ќе излеземе на терен да се потполнат тие даночни пријави, и тоа да прерасне во пракса, граѓаните да знаат дека тоа е обврска за да не доаѓа до казни. Општинава инаку сака да им излезе во пресрет на граѓаните.

Претседателот на Советот кажа, мислам дека нешто конфузно зборуваме, овде треба да зборуваме за регистрација на недвижен имот. Соодветниот од општината зборуваше за тоа дека некој има изградено куќа одамна и немуе регистрирана а не за поднесување на пријави. Се работи за регистрација на недвижен имот.

Идриз Идризи се јави за збор и кажа, ова е обврска на граѓаните. Ние да излеземе на терен и да ја видиме реалната ситуација, на пример некој има да плати 2.000 денари а на терен да се констатира дека треба да плати 1.000 денари, и обратно.

Претседателот на Советот кажа, исто така има и имотно-правни работи нерешени.

Злате Китановски повторно зеде збор и се надоврза, мислам дека во овој случај ќе има отпор кај граѓаните, незнам колку е правно издржано да влезе некој од општината дома и да слика.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, и до сега граѓаните плаќаа данок на имот, одела општината и цртале колку квадрати има секој. За новите куќи сите пријавиле но што правиме со мојата куќа која е изградена пред 70 години. И полека полека ќе се дојде до решение. Незнам зошто луѓето би пружале отпор за реално да се влезе во систем на плаќање.

Дончо Симјаноски кажа, до 2007 година небевме доволно информирани, ние имавме куќа и сами пишувавме за вредноста. Има луѓе кои мислејќи дека во случај на непогоди ќе се плаќа нешто па пишуваа големи вредности на куќите. Небевме обучени, исто така има сега случаи каде данок плаќа и синот и таткото, затоа сега ќе се исправат некои нелогичности. Имаме двајца проценители во општината.

Соодветниот од општината кажа, за да бидеме рамноправни треба да се посетат сите населени места но не по нивна вина туку никој не отишол да направи проценка. Пример некој имал доградба, надградба, некоја застарена куќа, целта ни е базата на податоци да биде ажурирана и реална. Да ја обновиме базата.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Ажурирање на базата на податоци на даночни обврзници за данок на имот„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XIII**

По однос на тринаесеттата точка од дневниот ред, „Барање од Иницијативен одбор за организирање на традиционален Турнир во мал фудбал „Бесјан Јашари 2023„ с.Челопек„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, се работи за традиционален турнир кој ќе го

носи името Бесјан Јашари  кој минатата година почина, дечкото беше фудбалер, братучед на татко му на Адем Јетмир Јашари. Организаторите одлучиле турнирот да го носи неговото име. Како што е во материјалот, се бараат финансиски средства. Организаторите во соработка со училиштето 7 Марси обезбедиле озвучување и во Буџетот имаме ставка заа вакви случаеви. И овој пат ќе бидеме со позитивен одговор.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Адем Ј. Јашари и кажа, јас како негов роднина, семејство, секако дека ќе го подржувам, сакав да се заблагодарам на Советот на општината за доделувањето на финансиските средства.

Бидејќи никој друг  не се јави за збор Претседателот на Советот точката  ,,Организирање на традиционален  Турнир во мал фудбал ,,Бесјан Јашари 2023,, с.Челопек,,   ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на  присутните 15  советници.

**XIV**

По однос на четрнаесеттата точка од дневниот ред  ,,Одлука за кофинансирање на проект за техничка документација,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Соодветниот од општината  вработен во општината.

Соодветниот од општината кажа, се работи за изготвување на техничка документација, конкретно за училиштето во село Брвеница, за изградба на ново училиште. Условот е кофинансирање  со 20%  учество, другиот дел ќе биде од Шветската амбасада, ако чини 20.000 евра  4.000 ќе биде од општината.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката  ,,Одлука за кофинансирање на проект за техничка документација ,,   ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на  присутните 15  советници.

**XV**

По однос на петнаесеттата точка од дневниот ред   ,,Предлог-Одлука за одбележување на меморијален турнир во фудбал во село Брвеница ,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Соодветниот од општината  вработен во општината.

Соодветниот од општината кажа, се работи за одбележување на меморијален турнир во фудбал во село Брвеница кој ќе се одржи од 22-25 јуни. Учесници ќе бидат  10 тима од секое населено место, јас сум организатор заедно со наставниците. Турнирот ќе се организира во чест на 5 фудбалери од нашата општина, на семејствата на фудбалерите ќе им се доделат плакети исто и на учесниците. Ако вие имате некој ваш предлог слободно кажете. Ќе треба и вие да бидете тука како советници. Учесниците во тимовите не треба да бидат постари од 14 години. Јас сум во координација со наставниците кои ќе формираат тимови. Ние како општина ќе обезбедиме медали за сите учесници.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Мирослав Даиловски и кажа, од мене ќе има по едно шишенце вода за секое дете кое ќе игра во тимовите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката  ,,Одлука за одбележување на меморијален турнир во фудбал во селоо Брвеница,,  ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на  присутните 15  советници.

**XVI**

По однос на шеснаесеттата точка од дневниот ред „Предлог- Одлука за одржување на фестивал на народни игри за иселениците во с.Челопек„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Соодветниот од општината вработен во општината.

Соодветниот од општината кажа, се работи за одржување на фестивал на народни игри за иселениците и јас сум координатор и на оваа активност. Фестивалот ќе се одржи во Челопек во паркот, ќе има организирано и спортски игри, на пример влечење на јаже, скокање во вреќа и слично, и деца не постари од 14 години да учествуваат во овие игри. Ќе има шандови со обележја од н.м. ќе има и народни ора и од секое село ќе има екипи, наставниците од спортот ќе ги формираат овие тимови.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за одржување на фестивал на народни игри за иселениците во с.Челопек„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XVII**

По однос на седумнаесеттата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за парична награда за првенци на генерација од трите ОУ на подрачјето на општина Брвеница„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Соодветниот од општината вработен во општината.

Соодветниот од општината кажа, се работи за парична награда за првенци на генерација, ќе има ваучери од по 6.000 денари за по два ученика од сите три ОУ на подрачјето на општина Брвеница, што би значело вкупно 6 ученика.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Абиљ Дурмиши се јави за збор и кажа, за поздрав е акцијата за организирање на спортски и културно уметнички настани. Оваа година општината одлучи во секое централно училиште ќе истакне по два најдобри ученици, односно по два ваучера за секое училиште.Ова е новина за која општината ценела дека треба да се организира.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XVIII**

По однос на осумнаесеттата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за обезбедување на капи, шалови и фотосесија на сите полуматуранти од ОУ на подрачјето на општина Брвеница„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Соодветниот од општината вработен во општината.

Соодветниот од општината кажа, исто така и ова е ново и за поздравување. Општина Брвеница ќе обезбеди капи, шалови и фотосесија за сите полуматуранти од нашата општина.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за обезбедување на капи, шалови и фотосесија на сите полуматуранти од ОУ на подрачјето на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XIX**

По однос на деветнаесеттата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Тетово„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, се работи за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Тетово и се работи за областа урбанизам бидејќи во тој дел има недостаток на кадар. За таа цел ќе можеме да позајмиме вработен од Тетово за да се подобри сервисот на граѓаните.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Тетово,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесет и првата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-958/2**
**25.05.2023 год.**
**Брвеница**